Претседател на
Република Северна Македонија
**КАБИНЕТ**

Врз основа на член 13 став 2 од Одлуката за организација и делокруг на работа на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија"бр.30/2000, 9/2001, 41/2010, 142/2013 и „Службен весник на Репблика Северна Македонија"бр.160/22), донесувам

**УПАТСТВО**
**за постапување по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија**

**Член 1**

Со ова упатство се уредува постапувањето по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер (во натамошниот текст: Барање) доставено до Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Кабинет на претседателот на Републиката).

**Член 2**

Постапувањето по поднесено Барање го води службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, а учествуваат вработените во Кабинетот на претседателот на Републиката кои се вклучени во процесот на постапување по предмети од делокругот на нивното работење, односно кои постапуваат по информации во која било форма што ги создал или со кои располага Кабинетот на претседателот на Републиката како имател на информација од јавен карактер согласно делокругот на својата работа.

**Член 3**

Генералниот секретар на Кабинетот на претседателот на Републиката од редот на вработените, со решение определува Службено лице за посредување со информации од јавен карактер (во натамошниот текст: Службено лице), кое е должно да ја води и комплетира постапката по примено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок и на начин согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 4**

(1) По добивањето и архивирањето на Барањето во Кабинетот на претседателот на Републиката, истото се доставува до службеното лице, на негово натамошно постапување, при што:

- го разгледува барањето и се запознава со неговата содржина,
- контактира и ги дава потребните информации и му помага на Барателот на информации, за што води посебна евиденција за примањето на барања за информации, чувањето и давањето на информациите.

(2) Барањето поднесено во електронска форма се смета за писмено барање и службеното лице, постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, кои се однесуваат на барање во писмена форма, како и одредбите од Законот за општата управна постапка.

**Член 5**

(1) Доколку поднесеното барање е непотполно и поради тоа Кабинетот на претседателот на Републиката како Имател на информацијата не може да постапува, службеното лице ќе побара од Барателот на информацијата во рок од 3 дена да го дополни барањето, со укажување на соодветна помош при дополнување на барањето, како и на последиците ако тоа не го направи.

(2)Ако Барателот не постапи согласно со член 17 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Службеното лице, во име на Кабинетот на претседателот на Републиката како Имател на информации со Решение ќе го отфрли барањето.

(3) Ако барањето и по дополнувањето не ги исполнува условите од членот 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и поради тоа Кабинетот на претседателот на Републиката, не може да постапи по барањето, службеното лице ќе донесе Решение со кое ќе го отфрли барањето.

**Член 6**

(1) Ако барателот бара пристап до информација со усно барање, службеното лице, во име на Кабинетот на претседателот на Републиката како имател на информации, доколку позитивно одговори на барањето, е должно најдоцна во рок од пет дена од денот на поднесување на барањето, да му овозможи на барателот запознавање со содржината на бараната информација на начин што му овозможува увид, или му обезбедува препис, фотокопија или електронски запис од бараната информација, на начин со кој барателот ќе има доволно време да се запознае со нејзината содржина, за што службеното лице составува записник, освен ако се работи за информации од

членот 6 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

(2) Доколку Кабинетот на претседателот на Републиката како имател на информацијата одговори негативно на барањето или не може веднаш да одговори на барањето, како и ако барателот има устен или писмен приговор на начинот на запознавањето со информацијата, службеното лице за посредување со информации е должно за барањето да изготви Решение во кое ќе внесе податоци за барателот, датумот на прием на барањето и да го извести барателот за посебното барање, односно за бараната информација.

**Член 7**

Службеното лице, во име на Кабинетот на претседателот на Републиката како имател на информации при своето одлучување по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер донесува:

- Решение со кое се отфрла Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер доколку Барателот не постапи согласно со член 17 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Решение со кое позитивно се одговара на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Решение со кое делумно се одбива барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Решение со кое целосно се одбива барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 8**

Кога е поднесено барање за пристап до информации од јавен карактер кои спаѓаат во делот на исклучоци од слободен пристап до информации од јавен карактер, Службеното лице, во соработка со останатите административни службеници кои работат на соодветни предмети кои се поврзани со барањето, спроведува Тест на штетност како задолжителна постапка пред да донесе Решение со кое се одбива пристап до бараната информација.

**Член 9**

Службеното лице редовно ја води и ажурира листата на информации од јавен карактер со кои располага Кабинетот претседателот на Републиката и истата се објавува на интернет страната на Кабинетот претседателот на Републиката.

**Член 10**

Службеното лице, подготвува Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно Закон и истиот се објавува и на веб страната на Кабинетот претседателот на Републиката.

**Член 11**

Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

Бр. 03-723/1
02.06.2025

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
Ѓорги Божинов